Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 03-03-2023
Орг. Един. 08 | Број: 87/5 | Прилог: | Вредност:

До Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ –Скопје

Врз основа на член 110 и 163 од Законот за високо образование, член 53 од Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ , а врз основа на Одлуката бр. 08-87/2 од 16.02. 2023, донесена на 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје одржана на 15.02.2023 избрани сме за членови на комисија за избор на демонстратор за студиска програма по англиски јазик и книжевност по предметот Англиска книжевност 2 (драма) (0+2) во летниот семестар во академската 2022/2023.

Комисија за избор на демонстратор:

1. Проф. д-р Рајна Кошка Хот
2. Проф. д-р Калина Малеска
3. Проф. д-р Милан Дамјаноски

На интерниот оглас се пријави еден кандидат: Елена Петрова (пријава заведена под број 08-87/3 од 20.02. 2023)

Откако членовите на комисијата ја разгледаа приложената документација на кандидатката Елена Петрова, до Наставно-научниот совет го поднесуваат следниов извештај:

## ИЗВЕШТАЈ

Врз основа на горенаведените законски одредби (Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“), откако ги разгледа поднесените документи од кандидатката Елена Петрова пријавена на интерниот конкурс, комисијата заклучи дека таа ги исполнува сите наведни посебни услови и критериуми.

Кандидатката Елена Петрова е редовен студент на втор циклус студии – Наука за книжевност и културолошки студии - Англиска книжевност и културолошки студии.

Претходно, со завршувањето на додипломските студии, односно прв циклус академски студии по англиски јазик и книжевност (наставна насока) се стекна со назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Дипломирала во 2020 година со висока просечна оценка 9,46 за што, во знак на признание за постигнат висок успех во студирањето, Филолошкиот факултет „Блаже Конески" ѝ додели пофалница. Истата година се запишала на втор циклус студии, со што и понатаму се надградува во областа на англистиката.

Треба да се истакне дека кандидатката Елена Петрова во изминатиот период веќе се здоби со значајно искуство како демонстратор по предметот за кој и сега конкурира, Англиска книжевност 2 (драма). На Катедрата за англиски јазик и книжевност таа досега многу успешно соработуваше како демонстратор по предметот Англиска книжевност 1 (драма) и Англиска книжевност 2 (драма) од октомври 2021 година (зимски семестар 2021/2022, летен семестар 2021/2022, зимски семестар 2022/2023) Елена Петрова со исклучителен успех ги држеше вежбите, притоа искажувајќи проактивност во однос на подготовката на материјалите и истражувањето на можните методи за што подобра експликација на зададениот материјал од предметната програма, висока компетентност, подготвеност за индивидуална работа со студентите, следење на нивната активност и редовна комуникација со нив. Нејзиниот приод во држењето на вежбите вклучува активности поврзани со креативно пишување и дебатирање. Како резултат на нејзиниот пристап и метод на работа со студентите произлегоа повеќе креативни студентски презентации. Нејзината заинтересираност за предметната програма воопшто укажува на тоа дека станува збор за одговорна личност и посветен однос кон работата. Во тој контекст би сакале да го нагласиме фактот дека кандидатката Елена Петрова на додипломските студии дипломирала на наставната насока, а по предметите од областа на методиката добила највисоки оценки.

Во однос на нејзиното искуство во работата на Катедрата за англиски јазик и книжевност би го истакнале и нејзиното гостување со предавање за студентите од 4. година по предметот Американска книжевност.

Од особено значење е нејзиното искуство и надградба во наставата. Во периодот од 2017 до 2020 година Елена Петрова работела како наставник по англиски јазик и

преведувач во Јазичен центар „Елоквента“во Скопје. Покрај организирање часови и предавање англиски јазик, нејзините обврски вклучувале креативни работилници и книжевни клубови за различни возрасни групи. Освен тоа, држела индивидуална настава за возрасни и деца користејќи наставен материјал што самата го креирала според индивидуалните потреби на слушателите во ова јазично училиште. Исто така, преведувала статии од различни области од македонски на англиски јазик и обратно.

Како што наведува во приложената документација, кандидатката Елена Петрова од 2021 година е авторка и преведувачка како дел од Феминистичката платформа „Медуза“ каде што е авторка и преведувачка на содржини поврзани со феминизмот, човековите права, уметноста и културата во локален и глобален контекст, а кои се базираат врз истражување и анализа на општествените околности. Нејзините задачи вклучуваат и креирање на визуелниот идентитет на содржините на блоговите во рамките на оваа платформа.

Општо земено, освен искуството во наставата, од приложеното може да се наведе дека кандидатката Елена Петрова е активно вклучена во работата на современите медиуми, се јавува како авторка, уредничка и преведувачка, а се занимава и со јазична редакција.
Во рамките на нејзината активност надвор од академскиот домен, јасно се согледува нејзината способност за организација, истражување и комуникација, како и публикување во современите медиуми. Таа е активна и се надградува во полиња кои се сродни со нејзината основна профилација, со оглед на тоа што е авторка на наративни содржини во современите медиуми. Како дел од НВО Тиит! Инк од 2020 до 2022 година работела на создавање, превод и уредување на комуникациски стратегии, а во тие рамки објавувала свои прилози исто така поврзани со феминизмот, човековите права и културата. Освен тоа, таа е авторка на целосната пишана и визуелна содржина на проектот „Зошто 8-ми Март?“ којашто се состои од едукативни наставни материјали, а кои се доставени и се користат во голем број средни училишта. Во рамките на оваа НВО Елена Петрова исто така организирала и координирала голем број јавни настани. Од приложената документација и приложениот список на објавени текстови се согледува и поширокиот спектар на нејзините интереси од културолошката и општествената сфера воопшто.

Објавени текстови:

1. Едукативни материјали „Зошто 8-ми Март?“. Објавено од Тиит!Инк. 07.03. 2022
2. „Каде ни е дома?“ Магазин „Портрет“. 01.12.2021

3. „Подмолното прваче“. Списание „Безусловни почетници“. 01.12.2021
4. „Што е тука смешно?“ Списание „Отаде издржливоста“. 01. 12, 2020

Имајќи ги предвид наведените академски, стручни, професионални и апликативни активности и квалификации на кандидатката Елена Петрова, вложениот труд во стручна надградба и високата просечна оценка на додипломските студии коишто укажуваат на професионален однос и одговорност, а особено исклучителниот впечаток што кандидатката го остави со својот професионален, компетентен и посветен однос како демонстратор во претходниот период и сега веќе стекнатото искуство, комисијата констатира дека Елена Петрова ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и затоа има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере кандидатката Елена Петрова за демонстратор по предметот Англиска книжевност 2 (драма) на Катедрата за англиски јазик и книжевност во летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Комисија за избор на демонстратор:

Проф. д-р Рајна Кошка-Хот

Проф. д-р Калина Малеска

Проф.д-р Милан Дамјаноски